Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 281//0306
13.06 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 05.06.2025 година, врз основа на примена жалба од градоначалничката на Град Скопје **Данела Арсовска,** ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„АРСОВСКА ЈА ЗАТРУ ОПШТИНА АЕРОДРОМ СО ЃУБРЕ“ Митески вели дека секој месец вработуваат 100 луѓе за да чистат“**, објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 13.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 14.05.2025 г., упати жалба за текстот „АРСОВСКА ЈА ЗАТРУ ОПШТИНА АЕРОДРОМ СО ЃУБРЕ“ Митески вели дека секој месец вработуваат 100 луѓе за да чистат“, објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 13.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на незастапена втора страна и на мешање на факти и мислења, вест со коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Градоначалникот на Град Скопје не е менаџер, ниту директор на ЈП Комунална Хигиена, а насловот содржи обвинувања креирани од порталот, а извадени од контекст на изјавата на Градоначалникот на Општина Аеродром. Сметаме дека порталот врши неточно и нефер изветување, објавена е содржина без претходно да биде проверена, а не е застапена ниту втората страна односно не е побарана изјава од Градоначалникот на Град Скопје… До порталот е поднесен демант и барање за јавно извинување кое чекаме дали ќе биде објавено“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.
Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.
До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „АРСОВСКА ЈА ЗАТРУ ОПШТИНА АЕРОДРОМ СО ЃУБРЕ“ Митески вели дека секој месец вработуваат 100 луѓе за да чистат“ , објавен од онлајн медиумот Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 13.05.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се пренесува информација што ја искажал в.д. градоначалникот на Општина Аеродром **Дејан Митески** во пошироко интервју за друг медиум. Всушност, станува збор за вест извадена од интервјуто која говори за проблемите со собирањето на сметот во О. Аеродром и со самото тоа информацијата е за прашање што е од јавен интерес.

Комисијата со мнозинство гласови констатираше дека делот од интервјуто што е пренесен на Плусинфо.мк не е спорен од етички аспект, дека в.д. градоначалникот е цитиран правилно и со прецизно наведување за тоа дека исказот е дел од негово гостување на друг медиум. Всушност, Плусинфо.мк одбрал дел од интервјуто што од уреднички аспект го сметал за интересен и го пласирал до своите читатели.

Мнозинството ченови на Комисијата не сметаа дека при вака пренесена информација во форма на вест од интервју во друг медиум, Плусинфо.мк имал обврска да ја праша втората страна, како што се наведува во жалбата, иако имаше и спротивни мислења дека текстот е едностран, особено дека насловот е тенденциозен и дека треба да се погледне поширокатa слика на онлајн медиумите за тоа како го пренеле Митески околу проблемот со собирање на сметот, особено во контекст на претстојните локални избори.

Што се однесува до делот од жалбата за упатениот демант и барање за извинување, Комисијата едногласно констатираше дека таа обврска може да се смета за исполнета од страна на Плусинфо.мк, бидејќи истиот ден е објавен демант од ЈП Комунална хигиена – Скопје, а веќе по два дена и демантот упатен од градоначалничката Арсовска, па оттука не е прекршен членот 3 од Кодексот кој го регулира ова прашање

Поради тоа, Комисијата на крајот од расправата заклучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595